КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



Литографија 48 х 65 см
"Разоткривање на небесен свет"

## ГРАФИКИ & ЦРТЕЖИ

# МАРИЕЛА МИЦЕВСКА

Праксата, да континуирано ги негуваат и надградуваат различните ликовни пристапи во скоро сите цртачки дисциплини, придонесе да студентите во класата која е под мое менторсво, искористеното академско наследсво стекнато во поранешните студиски цртежи транспонираат , субјективизираат, внесувајки во стварноста внатрешен автономен простор на креацијата.

Како еден од најдобрите цртачи во класата, Мариела го изразува својот најсамосвесен ликовен говор преку графика и цртеж. Осознава дека литерарноста, алузијата и јазикот на раскажувањето го ограничуваат поттикот кон ликовна и концепциска надградба во позрелата творечка фаза.

Со постапката на редукција гради поедноставена форма, а одредената симболика која се надѕира од тие облици ја води до вратата на апстракцијата.

Нејзиниот ликовен ракопис е спонтан, ослободен од вишокот на рационално промислување и со самото тоа, продуцира длабоки и богати естетски решенија. Дури и во сложените графички синтези, сензибилитетот кој го проткајува тематско-композицискиот слој на делото е проследен со чинот на создавање.

Најсложениот дел во опусот на графичките решенија се акватинтите во боја. Како резултат на успешна артикулација на структурни линеарни и боени компоненти кои ги осмислуваат хоризонтите на идејното, во графичките слики провејува рамнотежа и хармонија.

Со симбиоза на конкретното и апстрактното со реконструкција на класичните вредности, Мариела ја изразува својата визија спротивно од реалноста. Непосредниот потег на раката остварува формa-напишан збор, дневнички фокусирани искрени, емотивни вистини.

Отисоците и цртежите на хартија чуваат траги од поминатиот пат на извршени метаморфози од формална кон духовна вистина на прикажаното.

Испишувајки го во низ или во фази својот ликовен документ активирајки го својот нагон кон креативни дејствувања, Мариела целиот копнеж за визуелизација на субјективните вистини го проектира во делата презентирани на оваа изложба.

Мирко Вујисиќ



Литографија 48 x 65 см
"Контакт со непознатото"



Литографија 48 x 65 см
"Вечна инспирација"

# Мариела Мицевска

Родена на 19.02.1980 година во Скопје, Р.Македонија.
Дипломирала на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, мај 2003, Графички отсек со подотсек графички дизајн во класата на проф. Мирко Вујисиќ.
Од 2003 запишана на Постдипломски студии под менторство кај проф.Мирко Вујисиќ.



*Адреса:* ул."Димо Хаџидимов" 2/44
1000, Скопје, Македонија
тел: +389 70 598061
e-mail: mariela2001mk@yahoo.com

*Самостојни изложби:*

- 2002 - Белград "Студентски град"
- 2003 - Херцег Нови
- 2003 - Ниш
- 2003 - Крагуевац
- 2003 - Скопје

*Групни изложби:*

- Графички круг -Велес 2002, 1-во интернационално Биенале на мала графика,
- Интернационално Биенале на мала графика во Белгија 2002,
- 11-то Биенале на југословенски студентски цртеж Херцег Нови, Белград, Скопје и има добиено награда на истото.
- Интернационална групна изложба во Самоков, Бугарија - "Традиција на Балканите"- 2002

- Viroinval (Белгија) XI Меѓународно биенале"petit format"
- Сеул и Виена XII и XIII излажба не членовите на ASROPA
- V-то Студентско интернационално АРТ БИЕНАЛЕ 2002 - Скопје
- IX-та Изложба на мала графика во галерија "Gallini" - Ниш
- II Меѓународна изложба Варшава (Полска) - "Children for peace"
- Baja Mare, maramures- Florean Museum - (Романија)
- Меѓународно графичко Триенале - Битола 2003

*Наградена*: 2001- Пофалница на XI Биенале на југословенски студентски цртеж.



Акватинта 100 x 70 см
"Продирање"



Литографија 48 x 65 см
"Ѕвезден знак"



Акватинта 100 x 70 см
"Сегменти"

Изложбата ќе биде реализирана
во Завод музеј-галерија Битола
и Дом на култура "Марко Цепенков"-Прилеп

*Издавач*
Културно - информативен центар - Скопје
Моша Пијаде б.б.
Тел.: +389 2 32 38 158
Факс: +389 2 31 66 724
E-mail: KICentar@freemail.com.mk

*За издавачот*
Љупчо Маленков, директор

ISBN 9989-139-30-X

Изложбата и каталогот се реализирани со помош
на Министерството за култура на Република Македонија

БороГрафика -Скопје